Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Велес, на ден 01.10 2019 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За планскиот документ ЛУПД со намена Б5 - хотелски комплекси на КП 500/1, КП 500/2 и КП 501 КО Караслари, м.в. Под Чука, Општина Велес, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес, www.veles.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ЛУПД за со намена Б5 - хотелски комплекси на КП 500/1, КП 500/2 и КП 501 КО Караслари, м.в. Под Чука, Општина Велес, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Ефикасната инфраструктурна опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните рурални населби и со градот Велес, треба да биде фактор за афирмација на комплексот, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото опкружување.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.08-
Датум:01.10 2019
Место: Општина Велес

Градоначалник
на Општина Велс
Аце Коцевски